Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ги поканува сите заинтересирани да се пријават на обуките за граѓанско новинарство кои ќе се одвиваат по следниот редослед:

Региони	Локација	Датум
Скопски и Полошки		
[Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Ор	Скопје	27 и 28 април
Пелагониски и Југозападен		
[Битола, Демир Хисар, Кичево, Македонски Брод, Осломеј, Прилеп, Ресен, Новаци, Долнени, Вевча	Битола	4 и 5 мај
Североисточен и Источен		
[Берово, Виница, Делчево, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиш	Штип/Пехчево	9 и 10 мај
Вардарски и Југоисточен		
[Велес, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Лозово, Неготино, Росоман, Свети Николе, Чашка, Б	Струмица	18 и 19 мај

Во текот на обуката учесниците ќе се стекнат со знаења и практични вештини од областа на граѓанското новинарство. Обуката ќе опфати теоретски и практичен дел за пишување на новинарски стории, фото и видео новинарство и етиката во граѓанското новинарство. Социјалните медиуми како канали на комуникација ќе бидат дел од програмата, како и блогирањето како можност за правење општествена промена.

Ги поттикнуваме да се пријават сите оние кои сакаат да ги прошират своите знаења во областа на граѓанското новинарство и кои се силно мотивирани во иднина да го пренесат нивното знаење на другите. Заинтересираните треба да се пријават за обуките во регионите од каде што доаѓаат.

Рокот за пријавување е:

- 21 април за Скопје и Полог,
- 28 април за Пелагонија и Југозапад,
- 3 мај за Североисток и Исток и
- 15 мај за Вардарски и Југоисточен.

Сите заинтересирани кандидати треба да ја пополнат пријавата на следниот линк:
https://goo.gl/forms/dVvRvDIEP89mkCAh2

Пријавите ќе бидат оценети и селектирани од страна на МЦМС и обучувачите.

Организаторот ги покрива сите трошоци за обуката, освен патните трошоци за учесниците кои доаѓаат од градот каде што се одржува обуката. За сите дополнителни информации контактирајте ја Фанија Ивановска, на е-маил: **fiv@mcms.mk**